# КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

Врз основа на членовите 203 и 218 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15), член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/08 и 85/09) и член 122 од Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, и 27/16), Министерството за здравство и репрезентативниот Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија, склучија

## АНЕКС
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/06, 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11, 5/13, 172/14, 118/15 и 3/16), членот 61-д се дополнува и гласи:
„За поединечните работи, односно занимања за работниците кои имаат засновано работен однос во јавните здравствени установи здравствени домови, центри за јавно здравје, Институт за јавно здравје, општи болници, специјализирани болници и клинички болници, се утврдуваат коефициенти на плата започнувајќи со исплата на платата за месец декември 2016 година и тоа:

Подгрупа VII/1-б

| | |
|---|---|
| - доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипл. фармацевт на специјализација | 3,033 |
| - дипл. фармацевт - примариус | 3,114 |
| - д-р на медицина и стоматологија - примариус | 3,114 |

Усогласувањето на коефициентите од став 1 на овој член ќе се изврши во три фази почнувајќи со исплата на платата за месец март 2016 година до декември 2016 година, при што ќе се применуваат следните коефициенти:

**Подгрупа VII /1-б**

| Занимање | од март до мај 2016 | од јуни до ноември 2016 | од декември 2016 |
|---|---|---|---|
| -.д-р на медицина, д-р на стоматол. и дипл.фарм. на специјализација | 2,831 | 2,932 | 3,033 |
| -дипл.фамацевт-примариус | 2,907 | 3,011 | 3,114 |
| -д-р на медицина и стомато-логија-примариус | 2,907 | 3,011 | 3,114 |

За поединечните работи, односно занимања на работниците кои имаат засновано работен однос во ЈЗУ здравствени домови, центри за јавно здравје и Институт за јавно здравје се утврдуваат коефициенти на плата започнувајќи со исплата на плата за месец декември 2016 година и тоа:

Подгрупа VII/2-б

| | |
|---|---|
| - дипл. фарм. д-р на медицина и стоматологија - магистер | 3,633 |
| - асистент | 3,869 |
| - д-р на медицина, стоматологија и дипл. фармацевт - специјалист - примариус | 3,987 |
| - д-р на медицина, стоматологија и дипл.фармацевт - суспецијалист | 4,038 |

Усогласувањето на коефициентите ќе се изврши во три фази почнувајќи со исплата на платата за месец март 2016 до декември 2016 година, при што ќе се применуваат следните коефициенти:

**Подгрупа VII /2-б**

| Занимање | од март до мај 2016 | од јуни до ноември 2016 | од декември 2016 |
|---|---|---|---|
| -дипл.фар.д-р на медицина и стоматол.-магистер | 3,326 | 3,478 | 3,633 |
| -асистент | 3,542 | 3,706 | 3,869 |
| - д-р на медицина, стоматологија и дипл. фармацевт - специјалист - примариус | 3,650 | 3,819 | 3,987 |
| - д-р на медицина, стоматологија и дипл.фармацевт - суспецијалист | 3,633 | 3,836 | 4,038 |

Подгрупа VIII/-а

| | |
|---|---|
| - доктор на медицински науки | 4,281 |
| - доктор на медицински науки - асистент | 4,311 |

Усогласувањето на коефициентите ќе се изврши во три фази почнувајќи со исплата на платата за месец март 2016 до декември 2016 година, при што ќе се применуваат следните коефициенти:

| Занимање | од март до мај 2016 | од јуни до ноември 2016 | од декември 2016 |
|---|---|---|---|
| -д-р на медицински науки | 3,920 | 4,101 | 4,281 |
| -д-р на медицински науки-асистент | 3,947 | 4,129 | 4,311 |

“

**Член 2**

Во членот 68 по ставот 1, во ставот 2 по зборот "средно" се додаваат зборовите "или више".

**Член 3**

За поединечните работи, односно занимања на работниците кои имаат засновано работен однос во јавните здравствени установи кои претставуваат наставно-научна база и се избрани во наставно-нзаучни, научни и соработнички звања и имаат засновано работен однос на медицински или стоматолошки факултет во Република Македонија, при пресметка и исплата на платите се применуваат коефициентите утврдени во член 61-а од Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 172 /14.

**Член 4**

Овој Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-41/1
31 март 2016 година
Скопје
Самостоен синдикат за здравство,
фармација и социјална заштита на
Република Македонија
Претседател,
д-р **Љубиша Каранфиловски,** с.р.

Бр. 17-2954/1
31 март 2016 година
Скопје
Министерство за здравство
Министер,
**Никола Тодоров,** с.р.